# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Понеделник, 15 мај 1967
Скопје
Број 19 Год. XXIII

Претплатата за 1967 год. изнесува 45 (4.500) дин. Овој број чини 0,80 (80) дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.

**168.**

Врз основа на член 1 став 2 и член 4 од Законот за повластиците на младината и децата во патничкиот сообраќај („Службен висник на СРМ“ бр. 16/67), во согласност со републичкиот секретар за образование, наука и култура и републичкиот секретар за финансии, републичкиот секретар за индустрија и трговија пропишува

### ПРАВИЛНИК
### ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВЛАСТИЦИТЕ И ЗА ПРЕСМЕТНУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ИСКОРИСТЕНИТЕ ПОВЛАСТИЦИ

Член 1

Патување за кое се користи повластено возење, според Законот за повластиците на младината и децата во патничкиот сообраќај (Законот) мора да биде организирано од страна на училиштето, пионерската односно младинската организација, основна или друга организација на Феријалниот сојуз на Југославија или на Сојузот на извидниците на Југославија.

Член 2

Потврдата врз основа на која се користи правото на повластицата треба да содржи: штембил на училиштето, односно организацијата што го организира патувањето; број, датум и место на издавањето на потврдата; податоци за целта на патувањето; правец на патувањето; име и презиме и својство на придружникот на патувањето; назначување дека патувањето е организирано од училиште односно организација; печат на училиштето односно организацијата и потпис на старешината односно на овластеното лице (Образец бр. 1 отпечатен кон овој правилник).

За корисниците на повластиците членови на Феријалниот сојуз на Југославија и на Сојузот на извидниците на Југославија, организациите што ја издаваат потврдата мораат во истата да наведат дека членовите не се постари од 25 години.

Кон потврдата мора да биде приложен или на грбот на потврдата испишан список на учесниците во патувањето.

Списокот на учесниците во патувањето мора да содржи: реден број, име и презиме на корисниците на повластеното возење, како и на придружникот и неговото својство (професор, раководител), печат на училиштето односно организацијата, потпис на старешината односно на овластеното лице на училиштето односно организацијата и потпис на придружникот на патувањето (Образец бр. 2 отпечатен кон овој правилник).

Еден примерок од потврдата и списокот на учесниците се предава на придружникот на патувањето, по два примерка на сообраќајната организација која врши превоз, а еден примерок останува во евиденција на училиштето односно организацијата која ја издава потврдата.

Член 3

Обрасците број 1 и 2 што се отпечатени кон овој правилник се негов составен дел.

Член 4

Повластено возење може да се користи на сите видови возови во железничкиот сообраќај, во поморскиот и езерскиот сообраќај, како и во линијскиот и слободниот патен сообраќај.

Член 5

Највисоката цена во слободниот патен сообраќај на која ќе се пресметува повластицата од член 1 на Законот изнесува најмногу до 8,22 пари за еден изминат пат километар според туристичката карта на Југославија.

Член 6

Надоместокот од републичкиот буџет сообраќајните организации ќе го остварат со поднесување на барање до Републичкиот секретаријат за финансии, по истекнување на месецот во кој се извршени повластените патувања, а најдоцна до крајот на наредниот месец.

Кон барањето за надоместок сообраќајната организација приложува:

1. Фактура — сметка со потврдите од член 2 на овој правилник и список на тие потврди, во кој се внесува: називот и седиштето на училиштето односно на организацијата која ја издала потврдата, бројот и датумот на издадените потврди и износот на надоместокот што се дава од републичкиот буџет, и

2. претсметка во која се назначува бројот на продадените возни билети со повластица, износ на полната цена на превозот на релациите за кој се издадени билетите со повластица, износот наплатен од корисниците на повластиците и износот на надоместокот што се дава од републичкиот буџет.

Кога превозот се врши во слободниот патен сообраќај кон барањето од претходниот став се приложува и договорот склучен во смисла на член 3 став 3 од Законот за организацијата на превозот во патниот сообраќај („Службен весник на СРМ“ бр. 13/66).

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 01-2174/1
10. V. 1967 година
Скопје

Републички секретар
за индустрија и трговија,
**Ванчо Николовски,** с. р.

Образец бр. 1

———————————
(Назив на училиштето односно организацијата, број, датум и место — штембил)

ПОТВРДА

ЗА ПОВЛАСТЕНО ВОЗЕЊЕ НА МЛАДИНА И ДЕЦА ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ, ПАТНИОТ, ПОМОРСКИОТ И ЕЗЕРСКИОТ СООБРАЌАЈ

Групата што ја сочинуваат[1]) ——————— ученици, студенти, пионери, младинци, деца, членови на Феријалниот сојуз на Југославија, членови на Сојузот на извидниците на Југославија патува[2]) заради[3]) ——————— и може да користи повластено возење од 30% од редовната цена на превозот врз основа на член 1 од Законот за повластиците во патничкиот сообраќај за младината и децата („Службен весник на СРМ" бр. 16/67).

Учесниците во патувањето се: ученици, студенти односно членови на младински организации и нивното патување е организирано од страна на[4]) ——————— гр. (с.) ————.

Придружник на патувањето е:[5]) ——————— ——————— и тој е овластен да купува возни билети, возни исправи за повластено возење. Групата има уште ——— придружници.

Групата патува:

Во заминување од ——————— до ——————— преку[6]) ——————— а ќе користи превозни средства[7]) ——————— ———————;

Во враќање од ——————— до ——————— преку[6]) ——————— а ќе користи превозни средства[7]) ———————;

Потврдата за патувањето важи во заминување до[8]) ——————— во враќање до[8]) ———————.
(———————)[9])

(М. П.)

———————————
(Потпис на старешината односно на овластеното лице)

ЗАМИНУВАЊЕ ВРАЌАЊЕ

(Место за жигови на превозниците)

[1]) Да се наведе бројот со зборови

[2]) Непотребните зборови да се изоставаат односно бришат

[3]) Да се назначи целта на патувањето: на училишна односно научна екскурзија во летувалиште, одморалиште, во феријален дом на феријален одмор, на логорување и т.н.

[4]) Да се наведе називот на училиштето односно организацијата

[5]) Името и презимето на придружникот и неговото својство

[6]) Да се наведат поглавните места низ кој ќе минуваат корисниците

[7]) Да се наведе гранката на сообраќајот

[8]) Да се назначи датумот на важењето

[9]) За членови на Феријалниот сојуз и Сојузот на извидниците на Југославија да се потврди дека не се постари од 25 години.

Образец бр. 2

СПИСОК

НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ГРУПНОТО ПАТУВАЊЕ

| Ред. број | Име и презиме | Ред. број | Име и презиме |
|---|---|---|---|
| | | | |

Придружник: ———————
(име и презиме и својство)

———————————
(Потпис на придружникот на патувањето)
(М. П.)

———————————
(Потпис на старешината односно на овластеното лице)

**169.**

Врз основа на член 17 од Основниот закон за здравствен надзор над предмети од општа употреба („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65), донесувам

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСТАНОВА ЗА ВРШЕЊЕ АНАЛИЗА НА ЗДРАВСТВЕНАТА ИСПРАВНОСТ НА ПРЕДМЕТИ ОД ОПШТА УПОТРЕБА

1. Анализа на здравствената исправност на предмети од општа употреба, на територијата на Социјалистичка Република Македонија, врши Републичкиот завод за здравствена заштита — Скопје.

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 05-4576/66
28 февруари 1967 година
Скопје

Републички секретар за народно здравје и социјална политика,
**Димитар Герасимовски,** с. р.

**170.**

Врз основа на член 38 став 5 од Основниот закон за здравствениот надзор над прехранбените продукти („Службен лист на СФРЈ", бр. 44/65), донесувам

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ УСТАНОВИ ЗА ВРШЕЊЕ ИСПИТУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ИСПРАВНОСТ НА ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОДУКТИ

1. Испитување на здравствената исправност на прехранбените продукти, на територијата на Социјалистичка Република Македонија, вршат следните установи:

1. Републичкиот завод за здравствена заштита — Скопје,

2. Медицинскиот центар — Битола,

3. Медицинскиот центар — Куманово,

4. Ветеринарниот институт на Социјалистичка Република Македонија — Скопје, за прехранбени продукти од животинско потекло.

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 05-2874/66
28 февруари 1967 година
Скопје

Републички секретар за народно здравје и социјална политика,
**Димитар Герасимовски,** с. р.

**171.**

Врз основа на член 102 став 1 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а во врска со повторните избори за изборната единица ОХРИД IV, Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија

ОБЈАВУВА

дека на 9 мај 1967 година во Општинското собрание — Охрид, за изборот што ќе се одржи на 28 мај 1967 година за кандидат за пратеник на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица ОХРИД IV е избран кандидатот МИТО СПИРОСКИ.

Бр. 475
10 мај 1967 година
Скопје

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар, **Никола Алексовски,** с. р.
Претседател, **Киро Никовски,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Гајтан Симка, од Битола, ул. „7-ми јули" бр. 7, поднесе до овој суд тужба за развод на бракот против Јојиќ Милојко, од Скопје, а сега во неизвесност. Се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ", да се јави или да одреди свој застапник. Во противен случај ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 234/67. (39)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО СВ. НИКОЛЕ

Во Општинскиот суд во Св. Николе е поднесена тужба од Ангел Јакимов Цветков од село Цумајлија против тужениот Рамадан Али Асанов, а сега живее во Турција со непозната адреса, за сопственост на недвижен имот, вредност 400 нови динари.

Се поканува тужениот Рамадан во срок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да постави свој полномошник или пак лично да се јави. Во противно ќе му биде поставен полномошник по службена должност.

Од Општинскиот суд во Св. Николе, П. бр. 389/66. (38)

## ЛИКВИДАЦИЈА

Со решение на Собранието на општината Струмица број 01-1242/1 од 17. II. 1967 година, отворена е постапка за редовна ликвидација на Земјоделската задруга „Летен врв" од село Раборци, Струмица.

Се покануваат сите поверители и должници да ги пријават своите побарувања односно да ги измират своите долгови во срок од 30 дена, сметано од денот на објавувањето на огласот. По истекот на овој срок, нема да се признаваат никакви побарувања, а долговите според книговодствената евиденција ќе се наплатуваат по судски пат.

Од Ликвидационата комисија (643)

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 449, страна 674, книга II, е запишан под фирма: Водостопанско претпријатие „Тиквешко Поле" од Кавадарци — Погон за експлоатација — с. Градско. Предмет на работењето на погонот е: вршење водостопанска услужна дејност (снабдување со вода, одржување, прочистување на загадени води и др.), одржување, реконструкција и изградба на водостопански објекти и постројки. Погонот може работи од својата основна и споредна дејност, да врши и за потребите на други организации ако има расположиви капацитети и ако тоа не е на штета на нејзината основна дејност на подрачјето на кое е основан.

Погонот е основан од Советот на Водостопанското претпријатие „Тиквешко Поле" — Кавадарци, со припојување на Водната заедница „Росоманско Поле" — село Градско.

Погонот ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето: Цветан Зафировски, директор, и Димовски Илија, книговодител на погонот.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 203/66. (619)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 941, страна 503, книга IV, е запишана под фирма: Задруга за инсталација на водовод и канализација „Грамонт" — Скопје, ул. „Наум Наумовски — Борче" број 30. Предмет на работењето на задругата е: монтажа — инсталации на внатрешен и надворешен водовод и канализација, монтажа — инсталации на пумпни станици, затворачници на истите со резервоари, како и наводнување и одводнување за потребите на земјоделските и други стопански организации.

Задругата е основана од основачите: Ташковски Петар, Величковски Витомир, Каратрајков Ѓорѓи, Камчевски Ѓоре, Трајковски Спиро, Костов Штерјо, Јовановски Пандо, Величковски Андреја, Јосифовски Драги и Ристовски Славе на основачкото собрание од 6. IV. 1966 година.

Задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето Панче Михајловски, в.д. директор.

Членови на привремениот управен одбор се: Ѓорѓи Каратрајков, Штерјо Костов, Ѓоре Камчевски и Петар Ташковски. Претседател на управниот одбор е Ѓорѓи Каратрајков.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 238/66. (644)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 17. VI. 1966 година е запишана под фирма: Филијала во Битола на Деловното здружение за земјоделско производство и промет со земјоделски производи, репродукциони материјали и средства за инвестициона опрема „Агро-Македонија" од Скопје. Предмет на работењето на Филијалата е: во свое име и за своја сметка, во свое име и за сметка на членките како и во име и за сметка на членките и тоа:

а) Да набавува и продава:

— репродукциони материјали,

— механизирани средства за земјоделието,

— сите видови градежен материјал,

— сите видови семиња, овошен и лозов посадочен материјал, како и парковски — шумски материјал,

— сите видови помошен материјал за полеледелството,

— сите видови ѓубриња од домашно и странско производство,

— сите видови на средства за заштита на растенијата од домашно и странско производство,

— сите видови на опрема, механизација, транспортни и превозни средства (нова и употребувана),

— сите видови на резервни делови за опрема и механизација,

— кабаста и концентрирана добиточна храна,

— приплоден и товарен добиток (ситен и крупен),

— добиточни производи во пресна или преработена состојба,

— сите видови месо во пресна или преработена состојба,

— сите видови на амбалажа за земјоделско производство на домашниот и странскиот пазар,

— пласман на откупени земјоделски, поледелски, индустриски, градинарски, овоштарски и добиточни преработки од прехранбената индустрија на земјоделското производство за домашниот и странскиот пазар.

Врши стопански услуги околу опремувањето и транспортирањето на земјоделските производи, репродукциони материјали и средства за инвестициона опрема и резервни делови. Може да склучува договори за веќе постојните соодветни претпријатија за извршување на горенаведените цели.

Врши стопански услуги, набавка и транспортирање на сите видови горива и мазива за потребите на стопанските организации и членки на здружението со конкретно овластување и спрема условијата дадени во нив.

Основа и организира разни свои организации, сервисни лаборатории, агенции, претпријатија, продавници и др.

Врши останати услуги од областа на земјоделското производство и прометот.

б) Ги усогласува производните планови на членките по однос на асортиманот на производството и во таа смисла настои што поцелисходно да бидат применети технолошките процеси со цел за што порационална специјализација и стандардизација на производството при своите членки.

в) Укажува на постојни можности за проширување на производните капацитети и порационално користење на постојните производни средства како што се:

— помагање на членките за освојување на нови површини и меѓусебно сервисирање;

— сервисирање од други организации — членки на здружението;

— организира и изработува стручни програми и проекти за членките;

— помага да се организира преработка на земјоделско производство во постојните преработувачки претпријатија или основа нови за таа цел.

г) Врши разни други услуги на членките во рамките на задачите на здружението.

д) Укажува помош во усмерувањето на анализирањето на проблемите од областа на земјоделството, како и при производството на семенски и посадочен материјал.

е) Ја развива меѓусебната соработка и ги пренесува искуствата од одделни членки на останатите.

ж) Организира пропаганда за унапредување на земјоделството и прометот.

з) Организира деловно-техничка соработка меѓу членките.

и) Организира заедничко користење на складишта, опрема и уреди на членките — коопeранти.

ј) Прибавува и организира лиценци — патенти и техничка документација во полза на заинтересираните членки.

к) Укажува стручна помош во организирањето на земјоделското производство и за стручното образование и оспособување на кадарот на членките.

л) Соработува со соодветни надлежни органи со цел за поефтинување на средствата на производството, репродукционен материјал, резервни делови и друго.

љ) Се грижи за благовремено и побрзо одобрување на кредити за обртни и повремени и долгорочни средства на членките.

м) Работи на организирање фабрички консигнации, складишта и резервни делови и ремонтни работилници.

Филијалата е основана од Деловното здружение за земјоделско производство и промет со земјоделски производи, репродукциони материјали и средства за инвестициона опрема „Агро-Македонија" од Скопје, со одлука од Извршниот одбор на Деловното здружение од 13. X. 1965 година и решението од Општинското собрание во Битола бр. 03-3005/1 од 19. III. 1966 година.

Филијалата ќе ја потпишува раководителот Божиновски Раде.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 172/66. (1273)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 970, страна 665, книга IV, е запишана под фирма: „Генералтурист" — туристичко претпријатие од Загреб — Пословница во Скопје, ул. „Иво Рибар Лола" број 11. Предмет на работењето на пословницата е: давање туристички и сообраќајни информации за земјата и странство, продажба на сите врсти исправи за железнички, автобуски, бродски и авионски превоз и резервација на места во домашниот и странскиот сообраќај, посредување кај аквизиција, продажба на резервација на сместувачки капацитети во земјата и странство, прифаќање, придружување и сместување на патници и туристи, организирање на излети, кружни патувања и разгледување на градови и знаменитости, водичка служба, планови и риболовен туризам, одржување на постојните и привремените автобуски линии во земјата и странство со свој автобуски парк, укажување угостителски и туристички услуги во сопствени туристички населби, организирање на конгреси, спортски приредби, турнири и други скупови, прибавување на патни исправи и визи и менувачка служба, застапување на домашни и странски туристички сообраќајни и угостителски претпријатија.

Пословницата е основана од работничкиот совет на „Генерал-турист" — туристичко претпријатие — Загреб, со одлука од 2. VII. 1966 година.

Пословницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето Иванова Олга, раководител.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 465/66. (1244)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 978, страна 797, книга IV, е запишано под фирма: Производно услужно економско — пропагандно претпријатие „Знаме" — Скопје, улица „ЈНА" број 48. Предмет на работењето на претпријатието е:

а) изработување фотографии на државни, партиски и други функционери.

б) изработување на разгледници, разни слики и честитки за празници и слично,

ц) изработка на сите видови печатени производи,

д) изработка на сите видови знамиња,

е) економско-пропагандна реклама.

Претпријатието е основано од основачите Ичитрајков Ангелов Страхил, Начаров Илиев Ѓорѓи, Медаров Тодоров Божидар, Китановски Јорданов Крсте, Минсвски Марков, Јордан, Мазнева Панта Елена, Шереметковски Најдов Боге, Шошкиќ Мато Радуњка, Богатиновски Бошков Живко, Бошковски Томев Јован, Стојчевски Ангелов Ставре, Михајлова Васко Катерина на основачкото собрание од 20. IX. 1966 година.

Претпријатието ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето Ичитрајков Страхил, в. д. директор, и Мазнева Панта Елена.

Претпријатието е конституирано на ден 20. IX. 1966 година, согласно со записникот од одржаниот состанок на ден 20. IX. 1966 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр.. 617/66. (1462)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 76, страна 157, книга III е запишана под фирма: Новинско-издавачко и печатарско претпријатие „Нова Македонија" од Скопје — Пословница во Титов Велес. Предмет на работењето на пословницата е: организација и дистрибуција на изданијата Новинско-издавачкото и печатарско претпријатие „Нова Македонија" — Скопје и останатиот југословенски печат, како и цигари и кибрит.

Пословницата е основана од работничкиот совет на Новинско-издавачкото и печатарско претпријатие „Нова Македонија" — Скопје, а согласно со решението на Собранието на општината Титов Велес број 4962 од 18. V. 1964 година.

Раководител на пословницата е Гошевски Ангел Георги.

Пословницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 590/66. (1470)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 76, страна 157, книга III, е запишана под фирма: Новинско-издавачко и печатарско претпријатие „Нова Македонија" од Скопје — Продавница во Гевгелија, ул. „Маршал Тито". Предмет на работењето на продавницата е: промет со следните трговски струки: продажба и растурање на целокупен југословенски печат, продажба на канцелариски материјали, разгледници и обрасци, тутунови преработки и кибрит, како и собирање на огласи и пропаганден материјал.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Новинско-издавачкото и печатарско претпријатие „Нова Македонија" — Скопје, а согласно со решението на Собранието на општината Гевгелија — Одделение за стопанство број 03-3768/1 од 15. VIII. 1966 година.

Раководител на продавницата е Костов Томе Илија.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 593/66. (1484)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 32, страна 55, книга II, е запишано под фирма: „Славија" — трговско претпријатие за промет со прехранбени и индустриски стоки на мало и големо — Скопје. Предмет на работењето на претпријатието е: извоз на сите видови млечни производи, увоз: 1. индустриско прехранбени стоки и тоа: кафе, чај, какао, бибер, каранфил, цимет, ванила, ким, морски ореи, кокосово брашно, свинска маст, концентрат лимон, концентрат портокал, шприцеви за торта, резачи за јајца, детски играчки, разни пластични производи за домаќинството, гумени термофори, гумени наракливици, гумени топки, школски гуми за бришење, гумени цуцли — лажалки и за шишиња, останата гумена галантерија, рачни кантарчиња, катанци, ножеви, ножици, лажици, вилушки, вагички за домаќинство, козметички производи, жилети за бричење, машинки за шишање, бричеви за бричење, запалки, електрични пегли, греачи за вода, четки за бричење, четки за заби, детски пиштоли, разни детски играчки, копчиња за манжетни, карти за играње, конец за везење и други индустриско-прехранбени стоки за широка потрошувачка, како и јајца; 2. овошје, зеленчук и преработки и тоа: маслинка, суво грозје, смокви-пакувани и рефус, урми, лимони, померанџи, банани, рогачи, јаболка, лешници, бадем, ананас, компир и други видови на овошје и зеленчук; 3. стакло, порцелан и керамична стока и тоа: сите видови шупло стакло, рамно стакло, емајлирани садови, поцинкувани садови, садови од порцелан, украси од порцелан и останати куќни потреби од порцелан.

Претпријатието ќе го потпишува Панговски Блажо, в. д. директор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 706/66. (1491)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 15. IX. 1966 година, рег. број 306/66, книга IV, е запишана под фирма: Продавница во Ресен на Земјоделската задруга „Кисела Вода" од с. Лева Река. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на добиточна храна, концентрати и брашно.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Кисела Вода" од село Лева Река, со одлука од задружниот совет бр. 381 од 8. VI. 1966 година и решението од Општинското собрание Ресен број 05-8634/1 од 7. XII. 1964 година.

Раководител на продавницата е Котевски Кире, а ќе ја потпишува лицето што е овластено да ја потпишува задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 306/66. (1511)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 15. IX. 1966 година, рег. број 2/55, книга IV, е запишана под фирма: Продавница во село Сопотско на Земјоделската задруга „Кисела Вода" од село Лева Река. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мешовита стока.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Кисела Вода" од село Лева Река, со одлука од Задружниот совет бр. 772 од 23. VIII. 1966 година, а со припојувањето на Продавницата на Трговското претпријатие „Преспанско Езеро" од Ресен.

Раководител на продавницата е Георгиевски Крсте, а ќе ја потпишува лицето што е овластено да ја потпишува задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 353/66. (1512)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 15. IX. 1966 година, рег. број 2/55, книга IV, е запишана под фирма: Продавница во село Златари на Земјоделската задруга „Кисела Вода" од село Лева Река. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мешовита стока.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Кисела Вода" од село Лева Река, а согласно со одлуката од задружниот совет бр. 773 од 23. VIII. 1966 година.

Раководител на продавницата е Георгиевски Крсте, а ќе ја потпишува лицето што е овластено да ја потпишува задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 345/66. (1513)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 980, страна 805, книга IV, е запишана под фирма: Стаклорезачко-стаклобрусачка задруга „Бељур" — Скопје, улица „117" бр. 4. Предмет на работењето на задругата е: изведување на сите стаклорезачки и стаклобрусачки работи.

Задругата е основана од основачите на основачкото собрание од 17. IX. 1966 година и тоа: Панчевски Славко, Стојановски Владо, Маневски Новко, Георгиевски Мирко, Јосифовски Цветан, Блажевски Александар, Станковски, Младен, Јорданов Доце, Марковиќ Томислав и Димишков Јордан.

Задругата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето Панчевски Тодор Славко и Стојановски Крсто Владо.

Членови на привремениот управен одбор се: Панчевски Славко, Маневски Новко, Јосифовски Цветан, Георгиевски Мирко и Димишковски Јордан. Претседател на управниот одбор е Маневски Новко.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 646/66. (1535)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 88, страна 253, книга I е запишано следното: Дејноста на Фабриката за бонбони и чоколади „Европа" — Скопје, согласно со одлуката на работничкиот совет од 7. IX. 1966 година и елаборатот за економска оправданост во иднина се проширува и со продажба на жестоки алкохолни пијалоци.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 708/66. (1785)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 436 ,страна 1190, книга I е запишано следното: Дејноста на Трговското претпријатие за промет со огревни и градежни материјали на големо и мало „Сеча" — Скопје во иднина се проширува и со промет со следните стоки на трговските струки:

1. Електротехнички материјали и тоа само: материјали за електрично осветлување (само артикли сијалици тињалици, грла за сијалици, арматури и прибор, флуоросцентни цевки и светилки), електрични направи за домакинство (само реша, шпорети, универзални апарати за готвење и печење, печки, пегли, бојлери, правосмукалки, справи за перење и сушење алишта, приклучни гајтани комплетни). Разладни и топлотни уреди (само разладни уреди, апарати и прибор за сварување и електрични печки), вентилатори.

2 Намештај и тоа само: кујнски намештај (спални соби, трпезарии, комбинирани соби и кујни), делови од кујнски намештај (орамни, кревети, каучи, креденци, витрини, столови, фотељи), плетен намештај од прачки, улошци за кревети (жичани и тапацирани), душеци-мадраци) од волна и морска трева), огледала и брушено стакло за покуќнина, канцелариски намештај (за пишување, манипулативни, дактилографски и други столови, ормани, фотељи, комплетни работни соби), школски намештај (клупи ,столови, катедри, столици, ормани и подиуми), дрвна галантерија (лежаљки, вешалици за алишта и слични предмети од дрвна галантерија).

3. Текстил, кратка и плетена стока и конфекција и тоа само: ткаени готови текстилни производи (само теписи, ќилими и валан филе), хемиски обработени ткаенини (само линолеум и гумени теписи).

4. Музички инструменти, радиоапарати и прибор и тоа само: грамофони, грамофонски плочи и прибор, приемници за радиодифузија и телевизија, радио делови и електроматеријали и електрограмофони.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 785/66. (1810)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 920, страна 361, книга IV е запишано следното: Досегашниот раководител на Складот во Скопје на улица „Никола Парапунов" број 2 на „Ватроспрем" — трговско претпријатие на големо и мало — Белград, Тодоровски Јово, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За раководител на споменатиот склад во Скопје е назначен Пројкоски Илија. Тој складот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, од матичното претпријатие, сметано од 2. XI. 1966 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 724/66. (1809)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 729, страна 161, книга III е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Службата за стопанисување со станбени згради во Скопје на Заедницата на осигурувањето на СРМ — Скопје, согласно изводот од записникот од одржаната седница на Советот на работната заедница на Заводот за осигурување на имоти и лица „Македонија" — Скопје на ден 13. IX. 1966 година, со која стопанисувањето со станбените згради на Заводот во Скопје се пренесува на Службата за стопанисување со станбени згради при Службата за општествено книговодство во Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 753/66. (1811)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 204, страна 896, книга III е запишано следното: На досегашните потписници на Трговското претпријатие за промет со кожи и гумени производи на големо и мало „Ангрокожа и гума" Скопје и тоа: Чемков Мане Ристо, самостоен референт по разно, и Димитровски Александар, шеф на комерцијалното одделение, им престанува правото за потпишување.

За нови потписници на претпријатието се назначени следните лица: Костов Трајче, шеф на книговодството, и Андоновски Васил, шеф на комерцијалното одделение. Тие претпријатието ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето, сметано од 6. XII. 1966 година со стариот регистриран потписник Димковски Гиго Александар, директор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 789/66. (1812)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 938, страна 491, книга IV е запишано следното: Молеро-фарбарската задруга „Нов дом" — Скопје, улица „Марксова" број 3 е конституирана на ден 4. X. 1966 година, согласно со записникот број 161 од 4. X. 1966 година.

Досегашниот в. д. директор на задругата Талевски Борис, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на задругата е назначен Стоилов Цветан, кој во иднина ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето сметано од 16. VIII. 1966 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 564/66. (1495)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 945, страна 521, книга IV е запишано следното: Фирмата на Електроинсталатерската задруга „Електрон" — Скопје, улица „Луј Пастер" број 71, во иднина се менува и ќе гласи: Електро-паркетарска задруга „Електрон" — Скопје.

Дејноста на задругата во иднина се проширува и со: изведување на паркетарски работи, согласно одлуката на Задружниот совет број 144 од 3. X. 1966 година и елаборатот за економска оправданост.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 659/66. (1496)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 203, страна 715 е запишано следното: Досегашниот директор на Производното претпријатие за промет со алкохолни пијалоци „Винар" — Титов Велес, Каме Вишинов, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на претпријатието е назначен Алексовски Стево. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со стариот регистриран потписник Велим Спасовски, книговодител, сметано од 8. X. 1966 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 672/66. (1499)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 30. IX. 1966 година под рег. број 4/57, книга I е запишано следното: Се проширува дејноста на Земјоделската задруга „Златен клас" од село Новаци, уште со: продажба на огревен и градежен материјал на мало.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката од задружниот совет на Земјоделската задруга „Златен клас" од с. Новаци бр. 289 од 13. VII. 1966 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 368/66. (1515)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека ва регистарот на стопанските организации на 17. IX. 1966 година под рег. број 3/65, книга II е запишано следното: Деловната единица „Комисион" во Охрид на Сојузот на слепите во Охрид, престана со својата работа и се брише од регистарот на стопанските организации, поради припојување кон Стаклорезачката заштитна работилница „Напредок" од Охрид.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката од Сојузот на слепите Охрид бр. 181/2 од 10. VIII. 1966 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 358/66. (1518)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 15. IX. 1966 година под рег. број 11/55, книга IV е запишано следното: Продавницата на мешовити стоки во с. Сопотско на Трговското претпријатие на големо и мало „Преспанско Езеро" од Ресен, престана со својата работа и се брише од регистарот на стопанските организации поради припојување кон Земјоделската задруга „Кисела Вода" од с. Лева Река.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката од работничкиот совет на Трговското претпријатие „Преспанско Езеро" од Ресен бр. 749 од 1. IX. 1966 година и одлуката од задружниот совет на Земјоделската задруга „Кисела Вода" од с. Лева Река, бр. 862 од 9. IX. 1966 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 351/66. (1520)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 15. IX. 1966 година под рег. број 11/55, книга IV е запишано следното: Продавницата во село Златари на Трговското претпријатие на големо и мало „Преспанско Езеро" од Ресен, престана со својата работа и се брише од регистарот на стопанските организации, поради припојување кон Земјоделската задруга „Кисела Вода" од село Лева Река.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката од работничкиот совет на Трговското претпријатие „Преспанско Езеро" од Ресен бр. 749 од 1. IX. 1966 година, и одлуката од задружниот совет на Земјоделската задруга „Кисела Вода" од с. Лева Река бр. 862 од 9. IX. 1966 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 352/66. (1521)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 422, страна 1142, книга I е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Стовариштето во Скопје на Трговското претпријатие за промет со нафта и нафтени деривати „Југопетрол" експорт-импорт од Белград, согласно со одлуката на работничкиот совет од 9. IX. 1966 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 636/66. (1546)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 175, страна 731, книга III е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Бифето во Скопје во Заводот за станбено-комунално стопанисување на Угостителската работна организација „Пелистер" од Скопје, согласно со одлуката од работничкиот совет број 752 од 20. VIII. 1966 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 632/66. (1547)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 30. VI. 1966 година на страна 249, реден број 9 е запишано следното: Досегашниот директор на Претпријатието за производство на градежни материјали „Пролетер" од Штип, Стојан Спиров Каев, е разрешен од должност. За директор на претпријатието е назначен Трајко Ладев Мацунарски.

Промената на директорот е запишана во регистарот врз основа на одлуката од работничкиот совет на претпријатието од 20. V. 1966 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 152/66. (1625)

## РЕГИСТАР НА ЗАДРУГИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. број 63, страна 822, книга I е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Слога“ од Гевгелија — Продавница во Гевгелија на улица „Бранд Петрушев“ број 7. Предмет на работењето на продавницата е: промет со месо и преработки од месо и дивеч.

Продавницата е основана од задружниот совет на Земјоделската задруга „Слога“ од Гевгелија, а согласно со решението на Собранието на општината Гевгелија број 03-1870/1 од 7. IV. 1966 година.

Раководител на продавницата е Делимитов Милов Костадин.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 255/66. (964)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. број 193, страна 333, книга II е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Моша Пијаде“ од село Сингелич — Продавница во Скопје — Бит пазар. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало на земјоделско-прехранбени производи што ги произведува задругата, како и преработки од земјоделски производи кои служат како дополнување на производите на задругата.

Продавницата е основана од задружниот совет на Земјоделската задруга „Моша Пијаде“ од село Сингелич, а согласно со решението на Собранието на општината Кале — Скопје број 06-11443 од 20. VI. 1966 година.

Раководител на продавницата е Попов Павле.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 482/66. (1391)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на ден 20. VII. 1966 година, страна 111, реден број 11, е запишана под фирма: Продавница, со седиште во Виница.

Продавницата ќе ги врши следните дејности: продажба на животни намирници и предмети за кујни потреби и алкохолни пијалоци на мало.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Задругар“ од Виница.

Раководител на продавницата е Словчо Јованов, кој не е овластен да ја потпишува. Продавницата ќе ја потпишува директорот на задругата

Впишувањето во регистарот е извршено врз основа на одлуката од работничкиот совет на задругата од 15. VII. 1966 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 168/66. (1571)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на ден 1. X. 1966 година, страна 105, реден број 1, е запишана под фирма: Задруга за шивачки услуги и промет „Единство“, со седиште во Струмица.

Задругата ќе ги врши следните дејности: сите врсти на шивачки услуги за женска и машка облека, промет со готови шивачки производи, конфекциска и трикотажна стока и галантериски стоки од шивачки смер.

Овластени лица за потпишување на задругата се: Васил Котев Ников, в. д. директор, и Бранко Ристов Чалшев.

Впишувањето во регистарот е извршено врз основа на одлуката од основачкото собрание на задругата од 29. IX. 1966 година, кое го сочинуваат: Васил Ников, Киро Јанев, Георги Спасов, Бранко Чалшев, Тимо Ѓорѓиев, Ѓорѓи Ичев, Панче Пандев, Мите Манчев, Никола Ангелов, Дончо Донев, Томе Ментинов, Добрила Христова и Комјанија Пандева.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 224/66. (1589)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задругите на 22. IV. 1963 година под рег. број 4/64, книга I е запишано следното: Земјоделската задруга „Единство“ од село Граешница, престана со својата работа и се брише од регистарот на задругите, поради припојување кон Земјоделско-испитателниот институт „Методи Митевски“ од Скопје.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката од задружниот совет на Земјоделската задруга „Единство“ с. Граешница бр. 224 од 28. X. 1965 година и заклучокот на Земјоделскиот институт — Скопје од 2. XII. 1965 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 201/66. (739)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задругите на 25. V. 1966 година под рег. број. 56/55, книга I е запишано следното: Земјоделската задруга „Нов живот“ од с. Лисолај, престана со својата работа и се брише од регистарот на задругите, поради припојување кон Лозаро-винарскиот комбинат „Лозар“ од Битола.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката од Земјоделска задруга „Нов живот“ с. Лисолај бр. 95 од 15. V. 1966 година и одлуката од работничкиот совет на „Лозар“ — Битола бр. 757 од 10. V. 1966 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 263/66. (925)

---

## ЗАГУБЕНИ ПЕЧАТИ

Загубениот печат на Ученичката задруга при Основното училиште „Моша Пијаде“ — Ѓорче Петров, под назив: „Ученичка задруга при Основното училиште „Моша Пијаде“ — Ѓорче Петров“, се огласува за неважен. (2314)

Загубениот округли печат (мал) на Комуналното производно претпријатие „Паркови и зеленило“ — Скопје, под назив: „Комунално производно претпријатие „Паркови и зеленило“ — Скопје“, се огласува за неважен. (2246)

---

# МАЛИ ОГЛАСИ

**Се огласуваат за неважни следните загубени документи:**

Воена книшка издадена од ВП 7265 — Пула на име Ејуп Керими, ул. „Горњачка“ бр. 14, Београд. (2515)

Воена книшка на име Блажо Коцев Илов, с. Бојанчиште, Кавадарци. (2413)

Свидетелство за квалификуван работник — тутунска струка. бр. 6098, издадено од Собранието на општината Прилеп на име Мара О. Ивчевска, ул. „Страшо Пинџур“ бр. 21, Прилеп. (1947)

Воена книшка издадена од Одделението за народна одбрана на бившото собрание на општината с. Долнени на име Мемет А. Исмаилоски, с. Пешталево, Прилеп. (2556)

Здравствена легитимација на име Роска Б. Митоска, ул. „Пролетерска“ бр. 34, Тетово. (441)

Свидетелство главна книга бр. 34/65 за завршен I клас, издадено од УЗУС на име Димитар Чепуновски, Гостивар. (442)

Здравствена легитимација бр. 45379, на име Ленка Мијал Стоилкова, ул. „Еврејска“ бр. 13, Штип. (443)

Здравствена легитимација бр. 9563, издадена од ЗСО — Кочани на име Марика Стојанова Гаврилова, ул. „Д. Влахов“ бр. 66, Виница. (444)

Здравствена легитимација бр. 2226, издадена од ЗСО — Кочани на име Славко Стојанов Гаврилов, ул. „Д. Влахов“ бр. 6, Виница. (445)

Здравствена легитимација бр. 14579, издадена од КЗСО — Пробиштип на име Стојка Наумова, Пробиштип. (446)

Свидетелство од I клас гимназија на име Васил К. Вучков, с. Теранци, Кочани. (447)

Свидетелство од II клас гимназија на име Васил К. Вучков, с. Теранци, Кочани. (448)

Свидетелство за III клас на име Васил К. Вучков, с. Теранци, Кочани. (449)

Ученичка книшка издадена од училиштето „Кочо Рацин“ — Прилеп на име Гоце Тодороски, ул. „Мице Козар“ бр. 141, Прилеп. (450)

Свидетелство бр. 386/1948, за завршено IV одделение, издадено од Основното училиште „Кочо Рацин“ Кратово на име Димитар Максимов Илиевски, Кратово. (451)

Здравствена легитимација бр. 1725, издадена од ЗСО — Кратово на име Борис М. Митев, Кратово. (452)

Здравствена легитимација издадена од КЗСО — Тетово на име Азмија Казимоски, с. Лабуништа, Струга. (453)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Струга на име Христина Г. Трајкоска, с. Драслајца, Струга. (454)

Здравствена легитимација издадена од ЗСО — Т. Велес на име Иван Б. Николов, нас. Превалец, Т. Велес. (455)

Ученичка книшка за VII одделение, издадена од Осмолетката во с. Долни Дисан на име Душан Весков, с. Долни Дисан, Неготино. (456)

Здравствена легитимација бр. 9846, издадена од КЗСО — Филијала — Пробиштип на име Марика Симонова, Пробиштип. (457)

Здравствена легитимација бр. 4417, издадена од Филијалата СО — Радовиш на име Коста Поцков, ул. „22 октомври“ бр. 43, Радовиш. (458)

Здравствена легитимација на име Иван Г. Пецов, с. Лаки, Кочани. (459)

Свидетелство за завршена I година, издадено од Средно земјодел. училиште во Битола на име Томе М. Димовски, ул. „Коста Абрашевиќ“ бр. 46, Битола. (460)

Свидетелство за завршено II година, издадено од Средното земјоделско училиште во Битола на име Томе М. Димовски, ул. „Коста Абрашевиќ“ бр. 46, Битола. (461)

Свидетелство за завршено III година, издадено од Средното земјоделско училиште во Битола на име Томе М. Димовски, ул. „Коста Абрашевиќ“ бр. 46, Битола. (462)

Свидетелство за завршено IV година, издадено од Средното земјоделско училиште во Битола на име Томе М. Димовски, ул. „К. Абрашевиќ“ бр. 46, Битола. (463)

Здравствена легитимација бр. 9258, издадена од ЗСО — Битола на име Спиро Поповски, булевар „1 мај“ бр. 96б, Битола. (464)

Здравствена легитимација издадена од Гостивар на име Абдураман А. Мемедоски, с. Голем Папрадник, Дебар. (466)

Здравствена легитимација бр. 22667, издадена од ЗСО — Дебар на име Бедија Алими, ул. „Амди Леши“, Дебар. (467)

Здравствена легитимација на име Благој Гајдов, ул. „Пеце Карев“ бр. 6, Т. Велес. (468)

Здравствена легитимација бр. 38954 на име Пенчо Бабунски, V станбена населба , 152/6, Т. Велес. (469)

Здравствена легитимација бр. 358184 на име Никола Атанасов Василев, с. Миравци, Неготино. (470)

Ученичка книшка од VII одделение на име Лиле Јаневска, ул. „Борис Кидриќ“ бр. 92, Тетово. (471)

Дозвола за држање и носење на оружје бр. 3508, издадена од СВР — Тетово на име Нафи Амета Џелили, с. Селце, Тетово. (472)

Здравствена легитимација издадена од КЗСО — Гостивар на име Седек Антески, с. Маврово, Гостивар. (473)

Здравствена легитимација издадена од КЗСО — Гостивар на име Босилка Дојовска, ул. „Борис Кидрич“ бр. 162, Гостивар. (474)

Здравствена легитимација на име Љубе Апостолов, с. Грдовци, Кочани. (475)

Земјоделска здравствена легитимација на име Мијалчо Лазаров, с. Г. Подлог, Кочани. (476)

Свидетелство за завршена II година, издадено од Гимназијата „Јосип Броз Тито“ — Битола на име Михајло Нечовски, ул. „29 ноември“ бр. 37, Скопје. (477)

Свидетелство бр. 773 за завршено VIII одделение на име Јосиф Атанасоски ул. „11 октомври“ бр. 166, Прилеп. (478)

Здравствена легитимација на име Милисав Нанчески, с. Дол. Манастирец, Македонски Брод. (480)

Здравствена легитимација на име Нада Несторова, ул. „Стојан Буридан“ бр. 29, Т. Велес. (481)

Оружен лист бр. 100, издаден од ОВР — Тетово на име Митре Димче Зафироски, с. Раотинце, Тетово. (482)

Земјоделска здравствена легитимација бр. 1671, издадена од КЗСО — Штип на име Гена Максимова, с. Горни Балван, Штип. (483)

Свидетелство за IV клас основно училиште издадено во с. Желино на име Куртиш Џафери, с. Желино, Тетово. (484)

Свидетелство за завршено осмолетка во с. Челопек на име Богосав Петровски, с. Милетино, Тетово. (485)

Здравствена легитимација бр. 46544, издадена од ЗСО — Тетово на име Зорица Костовска, ул. „Гоце Делчев“ бр. 108, Тетово. (486)

